# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

**Сл. Весник на Р.Македонија бр.47/96 од 12.09.1996 година**

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој со кредит во износ од 18 милиони германски марки за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор.
Од вкупниот износ на кредитот, 14 милиони германски марки се наменети за приватниот сектор, а 4 милиони германски марки за индивидуалните земјоделски производители.
Доколку средствата во износ од 4 милиони германски марки бидат целосно искористени од страна на индивидуалните земјоделски производители, тие ќе можат да користат средства и од износот од 14 милиони германски марки кои се наменета за приватниот сектор.

## Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.
Во име на Република Македонија, договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии, или од него овластено лице.

## Член 3

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 20 години со пет години грејс период и променлива каматна стапка - шестмесечен ЛИБОР плус маржа која се утврдува за секој каматен период од страна на Меѓународната банка за обнова и развој.
На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија во износ од 3/4 од еден процент годишно.
Каматата и другите трошоци ќе се плаќаат полугодишно на 15 јануари и 15 јули секоја година.

## Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува со средства од Буџетот на Република Македонија.
Сервисирањето на кредитот ќе се врши од средствата кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна на крајните корисници.

## Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".